Врз основа на член 53 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, а врз основа на Одлуката на Управниот одбор на Друштвото за свикување Годишно собрание на Друштвото бр. 946 од 07.03.2013 година, Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, објавува:

# **П О В И К**

До акционерите на Друштвото за учество на Годишно собрание

Седницата на Собранието ќе се одржи на ден 04.04.2013 година (четврток) со почеток во 15-00 часот во просториите на Друштвото на ул. “Козле“ бр. 188 (голема сала).

За седницата се предлага следниот:

Дневен ред

**Процедурален дел**:

1. Отварање на Собранието и верификација на списокот на пријавени и присутни акционери
2. Избор на Претседавач на Собранието;
3. Избор на записничар и двајца оверувачи на записникот;
4. Усвојување на Дневниот ред

**Работен дел**:

5. Разгледување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за период јануари - декември 2012 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на Управниот одбор;
6. Разгледување на извештајот за извршената ревизија од овластениот ревизор и усвојување на истиот;
7. Разгледување на финансискиот извештај и годишната сметка на Друштвото за 2012 година и усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај;
8. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Друштвото за 2012 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор;
9. Донесување на одлука за распределба на добивката по годишната сметка на Друштвото за 2012 година;
10. Разгледување и усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Друштвото;
11. Именување на овластен ревизор на годишна сметка во Друштвото за 2013 година.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото, должен е да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата. Пријавите за учеството на Собранието се доставуваат до Друштвото. Образецот на пријавата е достапен за превземање од интернет страницата на Друштвото.

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на собранието на друштвото. што ќе учествува и гласа на седницата на собранието во негово име. Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно даденово писмена форма. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета како да не го дал полномошното.Образецот на полномошното е достапен за превземање од интернет страницата на Друштвото.

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5%  од вкупниот број на акции со право на глас, можат да предложат  дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки, доставено во писмена форма до Управниот одбор на друштвото, со приложено образложение за предложената точка, како и да предложат усвојување на одлуки по секоја од   точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени  во дневнит ред, а сето тоа во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седницата на собранието.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на  седницата на собранието на Друштвото.

Одговорите на поставените прашања на седницата на собранието, Друштвото ќе ги објави  на својата интернет страница согласно со закон.

Материјалите кои ќе се разгледуваат на седницата на собрранието се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во деловните простории на Друштвото одо 12:00 до13:00 часот и се објавени на официјалната интернет страница на Друштвото.

Официјална интернет страница на Друштвото е: www.replek.com.mk

**УПРАВЕН ОДБОР НА РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ**